Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто осудесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 26 септември 2023 година**

**Скопје, септември 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто осудесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 септември 2023 година**

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашањаи членовите на Владатам-р Кренар Лога, министер за правда,Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука,м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа,д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање,како и заменикот на генералниот секретар, Тахир Хани (преку видео-конференциска врска).

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, проф. д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Глигор Бишев, Маја Ангеловска, Ели Бојаџиевска-Ристовска и Џорџ Свифт, советници во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, како и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи,Славјанка Петровска, министер за одбрана,Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи,д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија,д-р Фатмир Меџити, министер за здравство ид-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како игенералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записниците од 180-та и 182-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 22 август 2023 година и 5 септември 2023 година

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 11 - Земјоделство и рурален развој од Кластер 5 - Ресурси, земјоделство и кохезија, со прилози

- Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 22 Регионална политика и координација на структурни инструменти, од Кластер 5 Ресурси, земјоделство и кохезија, 5-6 октомври 2023 година, во Брисел, со прилози

- Презентација за Национална стратегија за безбедност - 2023 година (power point)

1. Информација за давање на согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

2. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, (У бр.79/22)

3. Правилник за изменување на Правилникот за посебните барања за безбедност и барањата за составот и начинот на означувањето на збогатената храна, односно на храната на која и се додадени витамини и минерали, дополнителни задолжителни информации поврзани со особеностите на збогатената храна, како и количеството, формата и видот на витамини и минерали кои можат да се додаваат на храната (*), со Предлог - одлука

4. Информација за донесување на Национална стратегија за млади 2023-2027, со Предлогнационална стратегија за млади 2023-2027 и Акциски план 2023-2025
5. Годишен извештај за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука

6. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за лекови и медицински средства

7. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Чашка и Предлог-одлука за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Чашка

8. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*)

9. Информација за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане, со Предлог-одлука

10. Предлог-уредба за административна безбедност на класифицирани информации и на информации за ограничена употреба (*)

11. Информација за Вториот извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија-петти круг на евалуација

12. Информација за воспоставување координативна мрежа за евалуација и следење на бесплатната online обука на тема „Сајбер хигиена“, која Министерството за информатичко општество и администрација ја спроведува во соработка со Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор - ДЦАФ

13. Информација за изразување на интерес за учество на Република Северна Македонија во активностите на Центарот за градење капацитети за сајбер безбедност на Западен Балкан, со Писмо за намера

14. Информација за разгледување на можноста, правните основи и исполнетоста на условите за спојување на универзитетските клиники и универзитетските институти од комплексот клиники „Мајка Тереза“ во јавна здравствена установа - универзитетски клинички центар

15. Информација за донесено Решение за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги МЕДИКАЛСУППЛИ ДОО експорт-импорт, Гостивар, со Предлог-одлука

16. Предлог-програма за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2023 година

17. Предлог-одлука за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2023/2024 година

18. Предлог-одлука за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2023/2024 година

19. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај

20. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Лозово

21. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за нефрологија - Скопје

22. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија-Скопје

23. Предлог на декларација по повод Сто и дваесетгодишнината од Илинденското востание и Крушевската Република, поднесен од група пратеници

24. Кадровски прашања

25. Прашања и предлози

26. Информација со Четврт извештај на Република Северна Македонија по Меѓународниот пакт за граѓански и политички права - за период од 2015 заклучно со 2022 година

27. Извештај за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од Владата на Република Северна Македонија, органите на државна управа и единиците на локална самоуправа во 2022 година, со прилози

28. Информација за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот, за период од 1.1.2023 година до 30.6.2023 година, со табеларни прегледи

29. Извештај за вршењето на работите од својот делокруг на Националниот совет за медијација за периодот јануари-јуни 2023 година

30. Информација за одобрување на максимален износ за издавање на структурни обврзници на општините Тетово, Желино и Виница, со предлог-одлуки

31. Информација за потребата од преземање на итни мерки за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион

32. Предлог-одлука за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност

33. Информација за подготовка на меѓународната изложба „Сребрена Тракија" од Националниот археолошки институт со Музеј при БАН во Софија во Националната установа „Археолошки музеј на Република Северна Македонија" - Скопје

34. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2023 година, со Предлог-одлука

35. Предлог - одлука за начинот на наплата на износот за „Детска недела" во времето од 2 до 9.10.2023 година

36. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за адаптација и реконструкција на училишна зграда во ООУ „Хајан Селмани" во с. Ростуше, Општина Маврово и Ростуше како и услуги за вршење стручно-технички надзор врз адаптација и реконструкција на училишна зграда во ООУ „Хајан Селмани" во с. Ростуше, Општина Маврово и Ростуше

37. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изработка на термотехничка фасада на ООУ Ѓерг Кастриот Скендербеу, Општина Арачиново

38. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на нов училишен објект за ООУ „Рилиндија" во село Селце, Општина Тетово, како и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз изградба на нов училишен објект за ООУ „Рилиндија" во село Селце, Општина Тетово

39. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција и адаптација на кабинети и работилници на училишен објект во ОЕМУЦ Св. „Наум Охридски, Општина Охрид"

40. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за доградба на училишен објект во ООУ Санде Штерјоски Општина Кичево, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз доградба на училишен објект во ООУ Санде Штерјоски, Општина Кичево

41. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за доградба на училишниот објект на ООУ Св.Кирил и Методиј во с.Кучевиште, Општина Чучер Сандево, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз доградба на училишниот објект на ООУ Св.Кирил и Методиј во с.Кучевиште, Општина Чучер Сандево

42. Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за услуги на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

43. Предлог-одлуказа намалување на увозните давачки за увоз на свеж зеленчук и ориз

44. Предлог-одлука за укинување на увозната давачка-царинската стапка за увоз на млеко и павлака

45. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за посебни услови за трговија на одделни стоки, определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало, како и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед

46. Предлог-за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало

47. Информација за потребата од донесување на одлука за предавање на недвижност-земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, со Предлог - одлука

48. Предлог-одлуказа укинување на увозните давачки за увоз на агруми, свежи или сушени

49. Предлог-одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки

50. Предлог-одлука за намалување на увозните давачки за увоз на свежи домати, краставици и пиперки

*

*    *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто и осумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 август 2023 година и Записникот од Сто осумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 септември 2023 година.

*

*    *

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

**- Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 11 - Земјоделство и рурален развој од Кластер 5 - Ресурси, земјоделство и кохезија, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 11 - Земјоделство и рурален развој од Кластер 5 - Ресурси, земјоделство и кохезија, со прилозии ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 11- Земјоделство и рурален развој при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции, согласно презентациите и насоките од Главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

**- Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 22-Регионална политика и координација на структурни инструменти, од Кластер 5-Ресурси, земјоделство и кохезија, 5 и 6 октомври 2023 година, во Брисел, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 22-Регионална политика и координација на структурни инструменти, од Кластер 5-Ресурси, земјоделство и кохезија, 5 и 6 октомври 2023 година, во Брисел, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 22 Регионална политика и координација на структурни инструменти на настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции, согласно презентациите и насоките од Главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

- **Презентација за Национална стратегија за безбедност-2023 година (power point)**

Координативниот тим-советници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија ги информираше членовите на Владата (Управниот комитет) за целите на Националната стратегија за безбедност, Планот за развој на националната стратегија за безбедност и предложената временска рамка.

Истовремено, Владата заклучи членовите на Управниот комитет најдоцна до 28 септември 2023 година (четврток), да ги доставаат номинациите за експерти претставници во Работната експертска група до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, поради потребата материјалот повторно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика на која ќе се донесе кокретен став и предлог до Владата по однос на материјалот.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, (У бр.79/22).

**Точка 3**

Владата го одложи од разгледување Правилникот за изменување на Правилникот за посебните барања за безбедност и барањата за составот и начинот на означувањето на збогатената храна, односно на храната на која и се додадени витамини и минерали, дополнителни задолжителни информации поврзани со особеностите на збогатената храна, како и количеството, формата и видот на витамини и минерали кои можат да се додаваат на храната (*), со Предлог - одлука, поради потребата предлагачот да достави кореспондентни табели усогласени со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Национална стратегија за млади 2023-2027, со Предлогнационална стратегија за млади 2023-2027 и Акциски план 2023-2025 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Националната стратегија за млади 2023-2027.

2. Го прифати Акцискиот план 2023-2025 на Националната стратегија за млади 2023-2027.

3. Се задолжуваат министерствата и останатите органи на државна управа, им се укажува на останатите институции кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува на единиците на локална самоуправа, до ноември, да доставуваат извештај за реализираните активности од стратегијата за тековната година, до Агенција за млади и спорт, а Агенцијата за млади и спорт во првиот квартал од годината да доставува интегриран извештај за претходната година до Владата, за степенот на реализација на Националната стратегија за млади 2023-2027.

4. Се задолжуваат министерствата и останатите органи на државна управа, им се укажува на останатите институции кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува на единиците на локална самоуправа, да предвидат финансиски средства во своите буџети за реализација на предвидените активности и мерки од Националната стратегија за млади 2023-2027.

**Точка 5**

Владата по Годишниот извештај за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2022 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2022 година.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за лекови и медицински средства, поради потребата Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да достави мислење по материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 7**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Чашка (за потребите на ООУ Лирија с.Горно Јаболчиште-Чашка).

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Чашка (за потребите на ООУ Лирија с.Горно Јаболчиште - Чашка).

**Точка 8**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*).

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане, со Предлог-одлука, поради потребата Министерството за економија да достави ново позитивно мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 10**

Владата ја донесе Уредбата за административна безбедност на класифицирани информации и на информации за ограничена употреба (*).

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за Вториот извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија-петти круг на евалуација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за објавување на Вториот извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија-петти круг на евалуација.

2. Се задолжува Министерството за правда да го информира ГРЕКО за согласноста на Владата за објавување на Вториот извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија-петти круг на евалуација во рок од седум дена и да го објави истиот на својата веб-страница со превод на македонски јазик, во согласност со правилата на ГРЕКО за објавување на извештаите.

3. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење да преземе активности со цел понатамошна реализација на Препораката бр.VII од петтиот круг на евалуација на ГРЕКО, најдоцна до 1 април 2024 година.

4. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да

преземат мерки за понатамошна реализација на Препораката бр.IV од петтиот круг на евалуација на ГРЕКО, најдоцна до 1 април 2024 година.

5. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Државната комисија за спречување на корупција да преземе мерки со цел понатамошна реализација на Препораката бр.VIII од петтиот круг на евалуација на ГРЕКО, најдоцна до 1 април 2024 година.

6. Се задолжува Министерството за правда, во соработка со Државната комисија за спречување на корупција да преземе мерки со цел за понатамошна реализација на Препораката бр.IX од петтиот круг на евалуација на ГРЕКО, најдоцна до 1 април 2024 година.

7. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да преземе активности со цел понатамошна реализација на препораките бр.X, XV, XVII, XX, XXI и XXII од петтиот круг на евалуација на ГРЕКО, најдоцна до 1 април 2024 година.

8. Се препорачува на Државната комисија за спречување на корупција да преземе активности за понатамошна реализација на Препораката бр.VII од петтиот круг на евалуација на ГРЕКО, најдоцна до 1 април 2024 година.

9. Се препорачува на Собранието на Република Северна Македонија да преземе активности со цел понатамошна реализација на Препораката бр.XXI од петтиот круг на евалуација на ГРЕКО, најдоцна до 1 април 2024 година.

10. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Министерството за внатрешни работи да го информираат Министерството за правда и шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО за преземените активности во насока на целосна имплементација на препораките на ГРЕКО од петтиот круг на евалуација кои се во нивна надлежност, најдоцна до 30 април 2024 година.

11. Се препорачува на Собранието на Република Северна Македонија и на Државната комисија за спречување на корупција да го информираат Министерството за правда и шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО за преземените активности во насока на целосна имплементација на препораките на ГРЕКО од петтиот круг на евалуација кои се во нивна надлежност, најдоцна до 30 април 2024 година.

12. Се задолжува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО, во соработка со Министерството за правда да подготват извештај за реализација на преостанатите препораки на ГРЕКО од петтиот круг на евалуација и истиот да го достават до ГРЕКО најдоцна до 30 јуни 2024 година.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување координативна мрежа за евалуација и следење на бесплатната online обука на тема „Сајбер хигиена“, која Министерството за информатичко општество и администрација ја спроведува во соработка со Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор - ДЦАФ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за законодавство, сите органи на државната управа, а им се укажува на останатите институции кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, најдоцна до 2.10.2023 година, до Министерството за информатичко општество и администрација, во писмена форма да доставаат номинирани интерни координатори за евалуација и следење на бесплатната online обука „Сајбер хигиена“

која Министерството за информатичко општество и администрација ја спроведува во соработка со Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор - ДЦАФ.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, до крајот на мај 2024 година, да достави до Владата, завршен извештај за бесплатната online обука „Сајбер хигиена“ која Министерството за информатичко општество и администрација ја спроведува во соработка со Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор - ДЦАФ.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за изразување на интерес за учество на Република Северна Македонија во активностите на Центарот за градење капацитети за сајбер безбедност на Западен Балкан, со Писмо за намера, ја усвои Информацијата и ги донесе следниве заклучоци:

1. Го прифати Писмото за намера помеѓу Владата на Република Франција и Владата на Црна Гора и Владата на Република Словенија и Владата на Република Северна Македонија за учеството во активности на Центарот за сајбер капацитети на Западен Балкан (WB3C).

2. Се овластува д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Писмото за намера помеѓу Владата на Република Франција и Владата на Црна Гора и Владата на Република Словенија и Владата на Република Северна Македонија за учеството во активности на Центарот за сајбер капацитети на Западен Балкан (WB3C).

**Точка 14**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за разгледување на можноста, правните основи и исполнетоста на условите за спојување на универзитетските клиники и универзитетските институти од Комплексот клиники „Мајка Тереза“ во јавна здравствена установа - универзитетски клинички центар.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за донесено Решение за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги МЕДИКАЛСУППЛИ ДОО експорт-импорт, Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги МЕДИКАЛСУППЛИ ДОО експорт-импорт, Гостивар.

**Точка 16**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2023 година.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2023/2024 година.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2023/2024 година.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (мебел за потребите на ООУ „Бајрам Шабани“ с.Кондово).

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Лозово (за потребите на ООУ „Методи Митевски-Брицо“ Лозово).

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за нефрологија - Скопје.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија-Скопје.

**Точка 23**

Владата го разгледа Предлогот на декларација по повод Сто и дваесетгодишнината од Илинденското востание и Крушевската Република, поднесен од група пратеници и нема забелешки по текстот на Предлогот на декларација.

**Точка 24**

**1.** Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“-Пробиштип, ги именува:
-Киро Кировски
-Кристина Стојанова
-Ленче Рунтева
-Марија Андонова-Стоименова

1.1 Со именувањето на членовите на Управниот одбор на на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“-Пробиштип, на досегашните вршители на должност членови на Управниот одбор: Киро Кировски, Марија Андонова-Стоименова, Ленче Рунтева, Кристина Стојанова и Марија Петковска им престанува мандатот.

**2.** Владата даде согласност на Одлуката на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија - Скопје бр.02-297/5 од 22.6.2023 година со која за директор на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија - Скопје е избран м-р Слободен Чокревски.

**3.** Владата го разреши Дритон Зибери од должноста член на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, поради истек на мандатот.

3.1 Владата го именува Дардан Селмани за член на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, за период од две години.

**4.** Владата го разреши Ардиан Муслиу од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија.

4.1 Владата го избра Ардиан Муслиу за директор на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, со мандат од четири години и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**5.** Владата го именува Филип Јакимовски за заменик на претседателот на Комисијата за жалби.

**6.** Владата го именува Коста Начевски досегашен вршител на должноста директор на Управата, за вршител на должноста директор на Управата за наменско производство, орган во состав на Министерството за економија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**7.** Владата го разреши Горан Димитровски од должноста претседател на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола.

7.1 Владата го именува Денис Рашидовски, за претседател на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавната установа Национален парк Пелистер- Битола.

**8.** Владата го именува Генц Седалиу за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Ресен.

**9.** Владата ја именува Арлинда Ибраими за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“ - Битола.

**10.** Владата го разреши Горан Мојаноски од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, на негово барање.

10.1 Владата ја именува Ирена Петкова, за член на Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за финансии, од редот на вработените во Министерството за финансии.

**11.** Владата ја именува Нита Хајрулаи, за член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, на предлог на министерот за финансии.

**12.** Владата го разреши Осман Муртезаи, од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св Еразмо“ - Охрид, поради истек на мандатот.

12.1 Владата го именува Арбер Лога за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо“ - Охрид.

**13.** Владата го разреши Виктор Андонов од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, поради истек на мандатот.

**14.** Владата ја разреши Анила Рацај од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември“ - Скопје, поради истек на мандатот.

14.1 Владата ја именува Анила Рацај за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември“ - Скопје.

**15.** Владата од должноста членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Гевгелија, поради истек на мандатот ги разреши:
-Јани Итов
-Велика Исмаилова и
-Лазар Митров

15.1 Владата за членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Гевгелија ги именува:
-Лазар Митров
-Петра Попова и
-Петар Стошиќ

**16.** Владата ја разреши Драгица Костадиновска од должноста член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од редот на здруженијата и фондациите - област Спорт, на нејзино барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

**17.** Владата ја разреши Билјана Михајловска од должноста член на Управниот одбор на Државниот испитен центар, од редот на вработените во Државниот испитен центар, на нејзино барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

**18.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД - Скопје, за член на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, кој носи назив директор за товарен сообраќај да го избере Тошо Силјановски на местото од Милчо Смилевски.

**19.** Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Управата за финансиска полиција.

**20.** Владата се информираше за спроведениот избор на кандидати за член од Република Северна Македонија во Комитетот за превенција од тортура и нехуман или понижувачки третман или казнување, при Советот на Европа од страна на Министерството за правда и заклучи дека најсоодветен претставник за член во Комитетот е проф. д-р Катерина Крстевска-Савовска.

**Точка 25**

**1.** Владата на предлог на Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за правда, Министерството за одбрана и Министерството за труд и социјална политика до наредната седница на Владата да достават соодветни предлози за изменување на законите каде минималната плата е компонента на основната плата, на начин што апсолутниот износ на минималната плата ќе се претвори во соодветен број на бодови согласно постојната вредност на бодот, а бројот на бодови соодветно ќе се зголеми, согласно зголемувањето на платата за 10% од септември 2023 година.

2) До донесување на соодветните законски измени, порастот на платата за септември 2023 година ќе се имплементира преку директно зголемување на основната бруто-плата за 10%, согласно член 14 од Општиот колективен договор за јавниот сектор.

3) Во системот за плати каде основната бруто плата се добива со множење на две компоненти (А*Б=В), член 14 од Општиот колективен договор на јавниот сектор ќе се имплементира преку зголемување на вредноста на бодот или основицата за пресметка за 10%.

Доколку вредноста на бодот законски е поврзана со вредноста на бодот на административните службеници, во смисла дека не треба да биде поголема од утврдената вредност за административните службеници, во тој случај зголемувањето од 10% ќе се имплементира преку соодветно зголемување на бројот на бодови.

**2.** Владата го разгледа Барањето на Црвен крст на Република Северна Македонија за учество во врска со симулациската вежба по прва помош во итна ситуација - земјотрес, која ќе се одржи на 18 октомври 2023 година, по повод 60 години од катастрофалниот земјотрес во Скопје и ги задолжи Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, а им се препорачува на Противпожарната бригада на Град Скопје и Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија да учествуваат во симулациската вежба по прва помош и да ги покријат сопствените трошоци за организација и спроведување на вежбата.

**3.** Владата, на предлог на Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, во врска со Информацијата за Економско-финансискиот дијалог помеѓу Европската Унија и Западен Балкан и Турција и процесот на подготовка на Програмата на економски реформи 2024-2026 година, со Акциски план и Работен план, усвоена на 181-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 август 2023 година, точка 28, ги задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за економија, а му укажа на Фондот за иновации и технолошки развој, до 29 септември 2023 година (петок), да достават до Министерството за финансии, согласно своите надлежности, секторска дијагностика со предлог реформски мерки, како и потребните анекси согласно Водичот на ЕУ за подготовка на Програмата на економски реформи 2024-2026 година, на македонски и англиски јазик, кои ќе бидат составен дел од првата Нацрт-верзија на поглавје 5 од Програмата на економски реформи 2024-2026 година.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата со Четврт извештај на Република Северна Македонија по Меѓународниот пакт за граѓански и политички права - за период од 2015 заклучно со 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 27

Владата го разгледа Извештајот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од Владата на Република Северна Македонија, органите на државна управа и единиците на локална самоуправа во 2022 година, со прилози, како материјал за информирање.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот, за периодот од 1.1.2023 година до 30.6.2023 година, со табеларни прегледи, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да престане да важи Заклучокот од Точка 78, од Нацрт-записникот од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,

одржана на 20 февруари 2018 година, кој гласи „Истовремено, Владата заклучи Агенцијата за управување со одземен имот, информациите за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кои управува, да ги доставува до Владата на секои шест месеци“.

**Точка 29**

Владата го разгледа Извештајот за вршењето на работите од својот делокруг на Националниот совет за медијација за периодот јануари-јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на максимален износ за издавање на структурни обврзници на општините Тетово, Желино и Виница, со предлог-одлуки и ги донесе следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Ја усвои Информацијата за одобрување на договори за издавање на структурни обврзници на општините Тетово, Желино и Виница.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Договорот за издавање на структурна обврзница на Општина Тетово.

3. Ја донесе Одлуката за одобрување на Договорот за издавање на структурна обврзница на Општина Желино.

4. Ја донесе Одлуката за одобрување на Договорот за издавање на структурна обврзница на Општина Виница.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од преземање на итни мерки за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена, да донесе одлука со која ќе ја задолжи ЈНУ Хидробиолошки завод - Охрид, во рок од 60 дена да изработи приоритетна листа на клучни живеалишта од национално и европско значење и листа на статус на видови според IUCN класификација на загрозени приоритетни видови на риби, безрбетници и алги во Охридското Езеро.

2. Се укажува на Управата за заштита на културното наследство во рок од 15 дена, да достави насоки до надлежната установа - НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, со кои ќе ги дефинира (ограничи) можностите за изградба на нови објекти, надградби и доградби во Старото градско јадро на Охрид, имајќи предвид дека членот 59-ѕ од Законот за градење не е правен основ за доградби, надградби и реконструкции во Старото градско јадро на Охрид.

3. Се укажува на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, во рок од 30 дена, да ги евидентира заштитените културни добра и амбиенталните објекти на кои се поставени сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами поставени на заштитени културни добра и амбиентални објекти во рамки на Старото градско јадро на Охрид.

4. Се укажува на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид во рок од 30 дена, врз основа на остварени увиди, да донесе приоритетна листа за отстранување на

сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами поставени на заштитени културни добра и амбиентални објекти во рамки на Старото градско јадро на Охрид.

5. Се укажува на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, во рок од 15 дена, од донесувањето на приоритетната листа за отстранување, да донесе решенија за примена на мерка на заштита за отстранување на сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами.

6. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Капетанија на пристаништата - Охрид, во рок од 15 дена, да формира работна група за изработка на анализа на пловила во Охридското Езеро (изработка и редовно ажурирање на база на податоци за: бројност, состојба, тип, погон, одржување, функционалност итн. на пловилата) и за пресметка на капацитетот на носивост на пловила во Охридското Езеро.

7. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена, да формира работна група за дефинирање на контактна зона на Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, составена од претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, од Управата за заштита на културното наследство, од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид и од други релевантни институции.

8. Се задолжува Министерството за култура во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство, во рок од 30 дена, да изработи Нацрт-верзија на Предлогот на законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион.

9. Се задолжува Министерството за култура во соработка со Управата за заштита на културното наследство и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, во рок од 15 дена, Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење да го прикачи на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР).

10. Се укажува на Управата за заштита на културното наследство, во рок од пет дена, да формира работна група за изработка на упатство за чинителите / имателите на заштитени добра во Охридскиот Регион со насоки за примена на мерките за заштита.

11. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, а се укажува на Општина Охрид, Општина Струга и Општина Дебрца, во рок од 30 дена, (континуирано до крајот на годината) секој во рамките на своите надлежности да започнат со отстранување на бесправно изградените објекти за кои се издадени правосилни решенија за отстранување и за кои се обезбедени финансиски средства за отстранувањето.

12. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во рок од 30 дена, во согласност со позитивните законски прописи да изнајде решение со кое ќе се забранат активностите за урбанизација во рамките на границите на Рамсарскиот локалитет Охридско Езеро (досие 2449), впишан на листата на заштитени локалитети согласно Рамсарската Конвенција во 2021 година и да ја извести Владата.

13. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од 15 дена, да формира координативно тело за усогласување на траси на инфраструктурни проекти во Охридскиот Регион, во кое ќе членуваат претставници од Министерството за транспорт и врски, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, Акционерското друштво за пренос на

електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем МЕПСО, Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и од Управата за заштита на културното наследство.

14. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во рок од 15 дена, да подготви и до Владата да достави предлог-одлука со која ќе се задолжи Изведувачот на сите ново проектирани патни правци во рамки на Охридскиот Регион пред започнување со работите задолжително да ја достави целокупната документација до Комисијата за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион и од истата да обезбеди мислење.

15. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во рок од 15 дена, да подготви и до Владата да достави предлог- одлука со која за сите ново проектирани патни правци во рамки на Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион мора задолжително да биде спроведена Оцена на влијание врз исклучителните универзални вредности (ИУВ), согласно Водичот и прирачникот за оцена на влијанијата во контекст на светското наследство на УНЕСКО (UNESCO (2022) Guidance and Toolkit for Impact Assessments in a World Heritage Context, Paris, World Heritage Centre), со цел нивно усогласување со Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион и Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план (2020-2029).

16. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, а се укажува на Општина Охрид и Општина Струга, во рок од 30 дена, да започнат со отстранување на објектите од траен и времен карактер и структури (платформи, тераси, бетонски ѕидови и сл.) кои навлегуваат во КП1/1 - Охридско Езеро, или пак во заштитниот појас од 50 метри, како и во рамки на комплексот „Св. Наум“ и Студенчишко Блато.

17. Се задолжува Министерството за финансии во рок од 15 дена, да ја информира Владата за можностите за воспоставување на посебна буџетска програма за финансирање на мерките и активностите за заштита и управување со Светското и културно наследство на Охридскиот Регион.

18. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, а им се укажува на Општина Охрид, Општина Струга и Општина Дебрца, сите урбанистичко плански документации да ги доставуваат до Комисијата за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, на мислење уште во фаза на предлог-опфат, односно пред да бидат усвоени од општинската Комисија за урбанизам и инкорпорирани во годишната програма за изработка на урбанистички планови.

**Точка 32**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност, за наредната дополнителна седница на Владата, со заклучок сите министерства своите забелешки и предлози да ги достават до Министерството за финансии, најдоцна до утре (27 септември 2023 година).

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на меѓународната изложба „Сребрена Тракија“ од Националниот археолошки институт со Музеј при БАН во Софија во Националната установа „Археолошки музеј на Република Северна Македонија“ - Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура, во рок од седум дена, да достави до Владата предлог-одлука за давање на осигурување на 1731 археолошки предмет, застапени во изложбата „Северна Тракија“, сопственост на 18 национални и регионални музеи од Република Бугарија, за периодот од ноември 2023 до април 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, да обезбеди полициска придружба при транспортот на археолошките предмети од граничниот премин со Република Бугарија „Деве Баир“ до просториите на Национална установа „Археолошки музеј на Република Северна Македонија“ - Скопје, кое е планирано да се реализира во периодот меѓу 1.11.2023 и 7.11.2023 година, како и да обезбеди полициска придружба при враќање на транспортот од НУ „Археолошки музеј на Република Северна Македонија“ - Скопје до граничен премин со Република Бугарија „Деве Баир“, што е планирано да се реализира меѓу 7.4.2024 година и 24.4.2024 година.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди дополнителни безбедносни мерки околу објектот на НУ „Археолошки музеј на Република Северна Македонија“ - Скопје за цело времетраење на изложбата „Сребрена Тракија“.

**Точка 34**

Владата по Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2023 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2023 година.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за начинот на наплата на износот за „Детска недела“ во времето од 2 до 9.10.2023 година.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за адаптација и реконструкција на училишна зграда во ООУ „Хајан Селмани“ во с. Ростуше, Општина Маврово и Ростуше како и услуги за вршење стручно-технички надзор врз адаптација и реконструкција на училишна зграда во ООУ „Хајан Селмани“ во с. Ростуше, Општина Маврово и Ростуше и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2024 година на Министерството за образование на наука за адаптација и реконструкција на училишна зграда во ООУ „Хајан Селмани“ во с. Ростуше, Општина Маврово и Ростуше, како и услуга за вршење на стручно технички надзор врз адаптација и реконструкција на училишна зграда во ООУ „Хајан Селмани“ во с.Ростуше, Општина Маврово и Ростуше, во вкупна вредност од 20.410,703 денари без вклучен ДДВ со динамика на плаќање и тоа:

- За реконструкција и адаптација 3.000.00,00 денари без вклучен ДДВ, а за надзор 210,027,00 денари без вклучен ДДВ во 2023 година.
- За изградба 17.950.703,00 денари без вклучен ДДВ, а за надзор 300.000,00 денари без вклучен ДДВ во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за

финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изработка на термо-техничка фасада на ООУ Ѓерг Кастриот Скендербеу, Општина Арачиново и ја усвои со следните заклучоци:

1.Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2024 година на Министерството за образование на наука за изработка на термотехничка фасада на ООУ Ѓерг Кастриот Скендербеу, Општина Арачиново во вкупна вредност од 14.159.925,00денари со вклучен ДДВ со динамика на плаќање и тоа:

- за реконструкција 5.152.925,00 денари со вклучен ДДВ во 2023 година,
- за реконструкција 9.007.000,00 денари со вклучен ДДВ во 2024 година.

2.Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на нов училишен објект за ООУ „Рилиндија“ во село Селце, Општина Тетово, како и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз изградба на нов училишен објект за ООУ „Рилиндија“ во село Селце, Општина Тетово и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2024 година и 2025 година на Министерството за образование и наука за изградба на нов училишен објект за ООУ „Рилиндија“ во село Селце, Општина Тетово во вкупна вредност од 44.677.975,00 денари со ДДВ и за надзор 1.116.949,37 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

-за изградба 1.010.000,00 денари со ДДВ, а за надзор 25.250,00 денари со ДДВ во 2023 година.
-за изградба 15.000.000,00 денари со ДДВ, а за надзор 375.000,00 денари со ДДВ во 2024 година.
-за изградба 28.667.975,00 денари со ДДВ, а за надзор 60716.699,37 денари со ДДВ во 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција и адаптација на кабинети и работилници на училишен објект во ОЕМУЦ Св. „Наум Охридски, Општина Охрид“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2024 година на Министерството за образование на наука за реконструкција и адаптација на кабинети и работилници на училишен објект во ОЕМУЦ Св. „Наум Охридски", Општина Охрид, во вкупна вредност од 19.155.800,22 денари, како и услуги за вршење стручно-технички надзор врз реконструкција и адаптација на кабинети и работилници на училишен објект во ОЕМУЦ Св. „Наум Охридски" во вкупна вредност од 478.894,74 денари, со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- за реконструкција и адаптација 478.894,74 денари, со вклучен ДДВ, а за надзор 25.000,00 денари, со вклучен ДДВ во 2023 година;

- за изградба 18.655.800,22 денари со вклучен ДДВ, а за надзор 453.894,74 денари со вклучен ДДВ во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за доградба на училишен објект во ООУ „Санде Штерјоски", Општина Кичево, како и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз доградба на училишен објект во ООУ Санде Штерјоски, Општина Кичево и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2024 година на Министерството за образование на наука за доградба на училишен објект во ООУ Санде Штерјоски, Општина Кичево во вкупна вредност од 29.158.840,00 денари со вклучен ДДВ и за надзор 728.971,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- За доградба 1.710.881,00 денари со вклучен ДДВ, а за надзор 42.772,00,00 денари со вклучен ДДВ во 2023 година,

- За доградба 27.447.959,00 денари со вклучен ДДВ, а за надзор 686.199,00 денари со вклучен ДДВ во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за доградба на училишниот објект на ООУ Св.Кирил и Методиј во с.Кучевиште, Општина Чучер Сандево, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз доградба на училишниот објект на ООУ Св.Кирил и Методиј во с.Кучевиште, Општина Чучер Сандево и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2024 година

на Министерството за образование на наука за доградба на училишниот објект на ООУ Св.Кирил и Методиј-с.Кучевиште, Општина Чучер Сандево, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз доградбата на училишниот објект ООУ Св.Кирил и Методиј-с.Кучевиште, Општина Чучер Сандево, во вкупна вредност од 20.993.300,00 денари со ДДВ за доградбата и 524,832,50 денари со ДДВ за услуги за вршење на стручно-технички надзор со динамика на плаќање и тоа:

- за доградба 2.406.780,00денари со ДДВ во 2023 година, за надзор 60.169,50 денари со ДДВ во 2023 година и

- за доградба 18.589.520,00 денари со ДДВ во 2024 година, за надзор 464.663,34 денари со ДДВ во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 42**

Владата по Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за услуги на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за услуги на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за намалување на увозните давачки за увоз на свеж зеленчук и ориз и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, како и Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да достават позитивни мислења по текстот на Предлог - одлуката.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за укинување на увозната давачка-царинската стапка за увоз на млеко и павлака, доколку Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство достават мислења по истата.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за посебни услови за трговија на одделни стоки, определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало, како и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на одлука за предавање на недвижност - земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност - земјиште во владение на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост со заклучок предлагачот номотехнички да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за укинување на увозните давачки за увоз на агруми, свежи или сушени, доколку Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство достават мислења по истата.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 50**

Владата донесе Одлука за намалување на увозните давачки за увоз на свежи домати, краставици и пиперки, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и мислења да доставт Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*   *

Наседницатасеводенистенографскибелешки.

Седницатазаврши во14:15часот.

**Заменик на генералниот секретар**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**Tahir Hani**

**Претседателна Владата на**
**РепубликаСеверна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**